совет за етика во
медиумите на македонија

Датум

22.04.2015г.

**О Д Л У К А**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Јане Димески за текстот со наслов “(Коментар на читател) На барокната ограда, е на неа ќе ве бесиме”, објавен на 22.03.2015 година на веб-порталот Центар њуз.**

**Ж А Л Б А Т А  Е  О С Н О В А Н А**

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 10 и 4.

Член 10.

*“Новинарот нема свесно да создава ниту да преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација врз која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...).”*

Член 4.

*“Новинарот ќе го назначи изворот на информациите, но ако изворот бара да остане анонимен, новинарот ќе го заштити.”*

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

До Извршната канцеларијата на Советот за етика во медиумите на Македонија на ден 23.03.2015 година, лицето Јане Димески поднесе жалба за текстот со наслов "(Коментар на читател) На барокната ограда, е на неа ќе ве бесиме", објавен на 22.03.2015 година на веб-порталот Центар њуз. Димески во жалбата наведува дека текстот содржи елементи на говор на омраза и кон жалбата приложи активен линк од оспорениот текст.

Извршната канцеларијата на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, оствари контакт со Интернет – порталот Центар њуз со барање уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. Интернет- порталот Центар њуз не достави одговор на наводите на жалителот.

На седницата на 17.04.2015 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот Јане Димески и направи увид во наведениот текст.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на текстот е ОСНОВАНА.

Притоа, Комисијата за жалби констатираше дека во содржината станува збор за нарушување на два члена од Кодексот на новинарите на Македонија, односно членовите 10 и 4.

Комисијата за жалби најде дека во текстот со наслов "(Коментар на читател) На барокната ограда, е на неа ќе ве бесиме", новинарот и медиумот го прекршиле член 10 од Кодексот на новинари, според кој новинарот нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација врз која било основа. Кодексот на новинарите им налага посебна одговорност за јавно искажаниот збор. Нивните ставови се важни фактори во обликувањето на јавното мислење поради што говорот на омраза е неспоив со новинарската етика. Медиумот и новинарот не треба да објавуваат материјал кој има за цел да шири непријателство или омраза, или ако постои голема веројатност дека објавениот материјал ќе предизвика непријателство или омраза спрема некого поради политичка припадност.

# совет за етика во медиумите на македонија

Комисијата за жалби најде дека, во конкретниот случај, прекршен е и член 4 од Кодексот. Погрешното лоцирање на изворот или измислување на изворот за да се презентираат неточни, нецелосни и недоволно проверени информации се смета за грубо кршење на новинарските стандарди.

Во согласност со наведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Филип Ѓурчиновски и Теофил Блажевски.

**Се обврзува Интернет – порталот Центар њуз, во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595